Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 ноември 2023 година

Скопје, ноември 2023 година

# З А П И С Н И К
## од Двесте и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 ноември 2023 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 10:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска -Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваше Филип Николовски, заменик на министерот за финансии.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

2. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година

3. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

4. Предлог-одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

5. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Brave Partner -23“, со Предлог-одлука

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Информација за добивање на согласност и оценување на оправданоста на барањето за вработување на неопределено време, за што е надлежна Владата на Република Северна Македонија, согласно член 20 став 3 и став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, со прилози и Предлог -одлука

9. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за населено место Копаница, Општина Сарај“

10. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип“

11. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

12. Предлог-одлука за отворање на дипломатско-конзуларно претставништво на Република Литванија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

13. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

14. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце-Елез Хан“ и „Јажинце-Глобочица“

15. Предлог-одлука за давање на согласност за продолжување на Европскиот АТМ доброволен солидарен фонд во 2024 година и за учеството во овој фонд на Република Северна Македонија

16. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 година и 2025 година, за набавка на комбинирана терапија со лекот Kaftrio и лекот Kalydeco за пациентите со цистична фиброза (ЦФ) во Република Северна Македонија за 2024 година

17. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година, со текст на Ревидиран оперативен план

18. Иницијативи поднесени од Мирослав Драганов од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.192/2023 и У.бр.193/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Автентичното толкување на член 66 став 3 од Законот за буџети, како и за оценување на уставноста на член 66 став 3 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22)

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година и ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 2

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година и ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 3

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година, за наредната седница на Владата.

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Brave Partner -23", со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Brave Partner -23".

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии -Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално -технички средства на странски вооружени сили од Соединетите Американски Држави.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии -Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице, за координација со Министерството за одбрана, во врска со

активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

**Точка 6**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 7**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/335 на Советот од 28 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП во врска со рестриктивните мерки во поглед на активностите на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина и Регулативата на Советот (ЕУ) 2022/334 од 28 февруари 2022 година за изменување на Регулативата на Советот 833/2014 во врска со рестриктивните мерки во поглед на активностите на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина.

Притоа, министерот за одбрана, Славјанка Петровска, гласаше воздржано по оваа точка.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за потребата за зајакнување на институционалните капацитети во насока на остварување на законските надлежности, исполнување на редовните обврски и остварување на целите на институциите и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжуваат/се препорачува на сите институции кои согласно доставените извештаи до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, имаат доставено податоци за вработените на определено време заклучно со 31.10.2023 година во рок од пет дена да достават до надлежните институции предлог-измена на годишен план за вработување/финансиски план за позициите кои се пополнети на определено време.

2) Се задолжуваат институциите надлежни за одобрување на годишните планови за вработување, односно финансиски планови, да одговорат позитивно на барањата во рок од седум дена од добивање на изменетите годишни планови за вработување/финансиски планови.

3) Се задолжуваат/се препорачува на институциите од Заклучок бр.1, по добивање на одобрение на годишните планови за вработување, односно финансиските планови, во рок од три дена да започнат постапка за вработување на неопределено време.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги достави овие заклучоци до институциите кои имаат доставено

податоци за лица кои се вработени на определено време, заклучно со 31.10.2023 година.

**3.** Владата, ја разгледа Информацијата за 28-та Конференција на страните на Рамковната конвенција на ООН за климатски промени, како материјал за информирање.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност и оценување на оправданоста на барањето за вработување на неопределено време, за што е надлежна Владата на Република Северна Македонија, согласно член 20 став 3 и став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, со прилози и Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за населено место Копаница, Општина Сарај“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за населено место Копаница, Општина Сарај, во вкупна вредност од 91.978.983,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- во 2023 година најмногу 49.800.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- во 2024 година најмногу 42.178.983,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на насипна брана со придружни објекти ‚Отиња‘, Општина Штип“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за „Изградба на насипна брана со придружни објекти ,Отиња', Општина Штип", во вкупна вредност од 185.825.700,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-2023 година - средства во износ од 60.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
-2024 година - средства во износ од 125.825.700,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Филип Тосевски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Назиф Цафери, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на дипломатско-конзуларно претставништво на Република Литванија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Меџити,

министер за здравство, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, а за повереници Филип Тосевски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, д-р Јусуф Хасани, државен секретар во Министерството за здравство, Назиф Џафери, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце-Елез Хан" и „Јажинце-Глобочица", го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Сашо Смилевски, помошник-директор во Министерството за внатрешни работи.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за продолжување на Европскиот АТМ доброволен солидарен фонд во 2024 година и за учеството во овој фонд на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 година и 2025 година, за набавка на комбинирана терапија со лекот Kaftrio и лекот Kalydeco за пациентите со цистична фиброза (ЦФ) во Република Северна Македонија за 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 година и 2025 година на Министерството за здравство, за набавка на комбинирана терапија со лекот Kaftrio и лекот Kalydeco за пациентите со цистична фиброза (ЦФ) во Република Северна Македонија, во вкупна вредност од 854.549.942,40 денари со ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

- 569.699.961,60 денари во 2024 година и

- 284.849.980,80 денари во 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство до Владата да достави предлог - програма за обезбедување на терапија за пациенти со цистична фиброза (ЦФ) за 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за набавка на комбинирана терапија со лекот Kaftrio и лекот Kalydeco за пациентите со цистична фиброза (ЦФ) во Република Северна Македонија за 2024 година, да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година, со текст на Ревидиран оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година.

## Точка 18

Владата ги разгледа Иницијативите поднесени од Мирослав Драганов од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.192/2023 и У.бр.193/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Автентичното толкување на член 66 став 3 од Законот за буџети, како и за оценување на уставноста на член 66 став 3 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во предметната Иницијатива подносителот го оспорува Автентичното толкување на член 66 став 3 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22) објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.59/22, сметајќи дека е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија поради:

1. Кршење на уставното начело на владеење на правото, член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија;

2. Повреда на член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија поради повреда на постапката за давање на автентично толкување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и повреда на постапката за донесување на закони;

3. Повреда на обврската за објавување на законите пред да влезат во сила и забраната на ретроактивно дејство на законите утврдена во член 52 став 1 и став 4 од Уставот на Република Северна Македонија;

4. Повреда на член 75 од Уставот на Република Северна Македонија поради непочитување на законодавната постапка за прогласување на законите со указ и

5. Повреда на член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија според кој граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Поради горенаведеното, подносителот бара од Уставниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 27 од Деловникот, да донесе времена мерка решение за запирање на извршувањето на дејствијата преземени врз основа на член 66 став 3 од Законот за буџети.

Дополнително, подносителот на Инцијативата смета дека членот 66 став 3 од Законот за буџети е спротивен на Уставот, па поради тоа бара и оценување на уставноста на самата одредба од истиот член.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеење на правото.

Во член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Согласно член 52 став 1 и став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Според член 75 од Уставот на Република Северна Македонија законите се прогласуваат со указ. Указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Во член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со Законот за буџети се уредува постапката за изработување, донесување, извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје и известување за

извршувањето на истите. Законот ги регулира и фискалните правила, воспоставувањето и надлежностите на Фискалниот совет, среднорочното буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и на општините и следењето на финансиските резултати на јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата и општините и од нив основаните трговски друштва, како и фискалната одговорност и основите на интегриран информациски систем за управување со јавните финансии.

Согласно член 66 став 3 од Законот за буџети, вработените во органот на државна управа кој ги врши работите што се однесуваат на изготвувањето и извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата поради специфични работни задачи и посебната одговорност која произлегува од работното место.

Според подносителот на Иницијативата, Автентичното толкување на членот 66 став 3 од Законот за буџети е во директна спротивност со начелото на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок, од причина што во постапка за давање на автентично толкување е изменета толкуваната одредба и се воведени нови елементи во истата.

Автентичното толкување на законите е правен механизам со која може да се изврши дообјаснување на одредени правни норми кои во пракса се сметаат за нејасни и по неговото објавување, истото има сила на закон.

Надлежен орган за давање на автентично толкување на закони е Собранието на Република Северна Македонија согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведениот член од Уставот на Република Северна Македонија, јасно произлегува дека една од клучните надлежности на Собранието е давање на автентично толкување на законските одредби, со цел интерпретација на законот. Ова од причина што, законот може да биде сфатен на различни начини, па неопходно е да се утврди намерата на законодавецот при донесувањето истиот.

Собранието на Република Северна Македонија, како носител на законодавната власт во државата, при давање на Автентичното толкување врши прецизирање на оспорената законска одредба со цел утврдување на нејзината содржина, вистинска смисла и правилна и доследна примена.

Односно, со Автентичното толкување, Собранието утврди дека одредбата од членот 66 став 3 од Законот за буџети треба да се толкува така што сите вработени во Министерството за финансии и вработените во органите, кои се во состав на Министерството за финансии, односно на вработените во органите од членот 19 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа на кои не им е утврдено правото на зголемена плата од утврдената основица, односно

на кои не им е утврдено правото на додаток и/или надополнување на плата, со посебен закон и/или колективен договор, добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата.

Имајќи го предвид наведеното, сметаме дека изнесените тврдења дека со Автентичното толкување се изменува и дополнува законската одредба и дека со истото се излегува надвор од границите на веќе утврдената содржина на одредбата се неосновани.

Според подносителот на Иницијативата Автентичното толкување на членот 66 став 3 од Законот за буџети е спротивно и на член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија поради повреда на постапката за давање на автентично толкување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и повреда на постапката за донесување на закони, при што, направена е повреда и на член 75 од Уставот на Република Северна Македонија поради непочитување на законодавната постапка за прогласување на законите со указ.

Со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија се уредуваат организацијата и функционирањето на Собранието на Република Северна Македонија и на работните тела на Собранието. Постапката за барање автентично толкување на закон, подетално е регулирана со членовите 175 и 176 од Деловникот, каде е пропишано дека барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, јавниот обвинител на Република Северна Македонија, народниот правобранител, градоначалниците на општините и на Градот Скопје и советите на општините и Советот на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.

Барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието кој истото го упатува до Законодавно-правната комисија и до Владата. Законодавно-правната комисија може да побара мислење од матичното работно тело на Собранието, па откако ќе прибави мислења од Владата и од матичното работно тело, оценува дали барањето за давање на автентично толкување е оправдано. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано, изготвува предлог на автентично толкување и го доставува до Собранието.

По предлогот за автентично толкување на закон, Собранието расправа и одлучува на иста седница, додека автентичното толкување се усвојува со истото мнозинство со кое се донесува законот на кој се дава автентичното толкување.

Доколку, Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, поднесува извештај до Собранието, кое

одлучува по барањето. За одлуката на Собранието се известува подносителот на барањето.

Оттука, Автентичното толкување на Законот за буџети беше подготвено согласно Деловникот на Собранието и изгласано на седница на Собранието на Република Северна Македонија со истото мнозинство со кое се донесува Законот за буџети.

Согласно член 75 од Уставот на Република Северна Македонија, законите се прогласуваат со указ. Указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието. Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот.

Горенаведеното јасно упатува на тоа дека во постапката на донесување на Законот за буџети и постапката за донесување на Автентичното толкување не се повредени одредбите од член 68 и член 75 од Уставот на Република Северна Македонија, притоа имајќи предвид дека Законот за буџети е прогласен со указ бр. 08-3826/1 од 15.9.2023 година на Претседателот на Република Северна Македонија.

Понатаму, подносителот на Иницијативата смета дека со постапката за давање на Автентичното толкување, повредена е обврската за објавување на законите пред да влезат во сила и забраната на ретроактивно дејство на законите утврдена во член 52 став 1 и став 4 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во оваа насока, потребно е да се истакне дека Законот за буџети е објавен во „Службен Весник на Република Северна Македонија“ на 19.9.2022 година. Според член 122 од Законот, истиот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година, освен одредбите предвидени во член 121 од овој закон.

Додека пак, Автентичното толкување на членот 66 став 3 од Законот за буџети е објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/23 на 17.3.2023 година.

Воедно, треба да се потенцира дека секое толкување на законска одредба de faco и de jure има сила и се применува со донесување на основен текст на законот и истото претставува составен дел од објавениот закон, што во конкретниот случај се однесува и на Законот за буџети и Автентичното толкување на член 66 став 3 од истиот.

Подносителот на Иницијативата за уставност, постапката за автентично толкување на закон кој е предмет на оваа Иницијатива го поистоветува со изменување и дополнување на Закон, па поради тоа смета дека оваа измена и дополнување се применува без vacatio legis, поради што се оневозможува субјектите кои се директно засегнати од законската измена, а и пошироката јавност, навремено да се

запознаат со измените. Поради истата причина смета и дека се работи за ретроактивна примена на законот.

Имено, во случајов не може да се зборува за изменување и дополнување на закон, како што тврди подносителот на Иницијативата од причина што е јасно дека се работи за Автентично толкување на законот за буџети кое е изгласано на седница на законодавниот дом на Република Северна Македонија.

Врз основа на погоре наведеното, јасно е дека една од клучните надлежности на Собранието е да дава автентично толкување на законските одредби, и со тоа, да го интерпретира законот. Ова произлегува од тоа што понекогаш законот во пракса, може да биде сфатен на различни начини, па неопходно е да се утврди намерата на законодавецот при донесувањето на конкретниот закон, па оттука секое понатамошно тврдење дека се работи за ретроактивно дејство на законот или дека не е испочитувано времето помеѓу објавувањето на законот и неговото стапување на сила е неосновано.
По однос на дополнувањето на Иницијативата од страна на подносителот и посебното барање за донесување на времена мерка и оценување на уставноста на одредбата од член 66 став 3 од Законот за буџетите, подносителот смета дека истата е спротивна на член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата наведува дека за него е нејасно кои вработени имаат право на дополнување од 30% и под кои услови и кој ќе определува кои се работните места со соодветни спецификации и посебни одговорности и врз основа на што ќе се определуваат овие работни места.

Освен тоа подносителот на Иницијативата смета дека граѓаните кои се вработени во Министерството за финансии и вршат специфични работни задачи и имаат посебна одговорност се доведуваат во привилегирана положба во однос на граѓаните кои се вработени во други органи на државната управа.

Имено, подносителот го оспорува правото на вработените во Министерството за финансии, како орган на државна управа кој ги врши работите што се однесуваат на изготвувањето и извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, да добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата поради специфични работни задачи и посебна одговорност која произлегува од работното место.

Согласно Законот за организација на органите на државна управа, Министерството за финансии ги врши работите што се однесуваат на: изготвувањето и извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија и на завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, трезорскиот систем, управување со јавен долг, макроекономската политика и политиката за развој на националната економија, подготвувањето и следењето на макроекономските

биланси, даночниот систем и даночната политика, царинскиот систем, системот на банките и штедилниците и други финансиски институции, системот на девизното работење, системот на сметководството, ревизијата и платниот промет, меѓународни финансиски односи и соработка со ЕУ, јавна внатрешна финансиска контрола, фискална децентрализација, игрите на среќа, сопственоста и други имотно-правни односи, стоковните резерви, надзорот од негова надлежност и други работи утврдени со закон.

Од погоре наведеното, произлегува специфичноста на работата на овој орган на државна управа кој во целост го штити јавниот интерес на државата.

Имено, врз основа на погоре наведеното, јасно произлегува дека одредбата која подносителот на Иницијативата сака да ја оспори е јасна и недвосмислена и таа се однесува на сите вработени во Министерството за финансии и вработените во органите кои се во состав на Министерството за финансии, односно на вработените во органите од членот 19 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа на кои не им е утврдено правото на зголемена плата од утврдената основица, односно на кои не им е утврдено правото на додаток и/или надополнување на плата, со посебен закон и/или колективен договор, да добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата. Воедно, треба да се истакне и тоа дека вработените во Министерството за финансии имаат право да добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата поради специфични работни задачи и посебната одговорност која произлегува од нивното работното место. Токму поради ова не е нејасно, како што се вели во Иницијативата, кои вработени имаат право на дополнување од 30% и под кои услови. Се разбира дека ова не е ексклузивно право само на вработените во Министерството за финансии и истото е пропишано со член 85 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22) според кој административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со истиот закон, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено.

Во таа насока, потребно е да се потенцира дека оспорената законска одредба претставува решение за спречување на одливот на стручен и квалитетен кадар, со кој проблем се соочуваше Министерството за финансии во изминатиот период, предизвикан особено од ниските плати на административните службеници.

Оспорената законска одредба не врши дискриминација помеѓу вработените, туку со истата се намалува веќе постоечката дискриминација во системот на плати помеѓу вработените кои работат во Министерството за финансии и вработените во органите на државна управа кои согласно посебен материјален закон или колективен договор, остваруваат право на повисока плата или го остваруваат правото на додаток на плата.

Согласно горенаведеното, со одредбите од Законот за буџети, за чија доследна и единствена примена се грижи Министерството за финансии, не се врши дискриминација по ниту еден основ наведен во Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак истите се во спротивност со членовите од Уставот кои се наведени од страна на подносителот на Иницијативата.

Имено, оспорената одредба не задира и не ги прекршува основите човекови права утврдени со Уставот и меѓународното право, туку напротив, се во насока на почитување на владеењето на правото и правната сигурност, па согласно членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Меѓу другото, се напоменува дека Законот за буџети не е спротивен на начелото на еднаквоста на граѓаните, владеењето на правото, основните човекови права, сопственоста, ниту хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, туку напротив со истите се зајакнува правната сигурност и еднаквост и истиот придонесува кон основната цел при подготвување и извршување на буџетот, односно кон макроекономска стабилност и одржлив и стабилен национален економски развој. Оттука, сметаме дека оспорената одредба сама по себе не е противуставна и не е на штета на граѓаните.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Автентичното толкување на членот 66 став 3 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22), објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/22, како и за оценување на уставноста на член 66 став 3 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како неоснована.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 10:20 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**